Врз основа на член 34, став 1 точка 2 и член 93 и 94 став 3 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и "Службен весник на РСМ" бр.215/21), а во врска со Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/06), како и член 159 став 2 алинеја 2 од Статутот на Општина Кичево ("Службен гласник на Општина Кичево" бр.9/13), Советот на Општина Кичево на седницата одржана на ден 27.02.2023 година донесе:

**<u>ОДЛУКА</u>**
**за формирање на просторни сили за заштита и спасување**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формираат сили за заштита и спасување на Општина Кичево.

**Член 2**

За заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи во Општина Кичево се формираат единици и штаб како просторни сили за заштита и спасување.

**Член 3**

Единици за заштита и спасување се формираат како специјализирани и универзални единици за заштита и спасување.

Специјализирани единици за заштита и спасување се формираат како:

–Специјализирана единица за противпожарна заштита;

–Специјализирана единица за спасување од поплави;

–Специјализирана единица за комунални работи;

Универзална единица за заштита и спасување формира општината од редот на вработените.

Në bazë të nenit 34, paragrafi 1, pika 2 dhe neni 93 dhe 94, paragrafi 3 nga Ligji për mbrojtje dhe shpëtim ("Gazeta zyrtare e RM" nr. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 dhe "Gazeta zyrtare e RMV-së" nr.215/21), ndërsa në lidhje me Dekretin për llojin, madhësinë dhe organizimin e forcave për mbrojtje dhe shpëtim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.12/06), si dhe neni 159, paragrafi 2, alinea 2 të Statutit të Komunës së Kërçovës ("Fletorja zyrtare e Komunës së Kërçovës" nr.9/13), Këshilli i Komunës së Kërçovës, në mbledhjen e mbajtur më dt. 27.02.2023, solli:

**<u>VENDIM</u>**
**për formimin e forcave vendore për mbrojtje dhe shpëtim**

**Neni 1**

Me këte Vendim formohen forca për mbrojtje dhe shpëtim në Komunën e Kërçovës.

**Neni 2**

Për mbrojtjen dhe shpëtimin e popullatës dhe të mirave materiale nga dukuritë e natyrës dhe fatkeqësitë tjera në Komunën e Kërçovës, formohen njësitë dhe shtabi, si forca vendore për mbrojtje dhe shpëtim.

**Neni 3**

Njësitë për mbrojtje dhe shpëtim formohen si njësi të specializuara dhe universale për mbrojtje dhe shpëtim.

Njësitë e specializuara për mbrojtje dhe shpëtim formohen si:

- Njësi të specializuar për mbrojtje nga zjarret;
- Njësi të specializuar për shpëtim nga vërshimet;
- Njësi të specializuar për veprimtari komunale;

Njësi universale për mbrojtje dhe shpëtim formon komuna nga rendi i të punësuarve.

**Член 4**

За раководење со силите за заштита и спасување се формира Штаб за заштита и спасување.

Командант како и Началник и членови на Просторниот штаб за заштита и спасување ги именува советот на Општина Кичево.

**Neni 4**

Për udhëheqje me forcat për mbrojtje dhe shpëtim, formohet Shtabi për mbrojtje dhe shpëtim.

Komandant, si dhe Kryeshef dhe anëtarë të Shtabit vendor për mbrojtje dhe shpëtim i emëron Këshilli i Komunës së Kërçovës.

**Член 5**

Составот на силите за заштита и спасување се врши според Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.124/06).

**Neni 5**

Përbërja e forcave për mbrojtje dhe shpëtim është përcaktuar sipas Vendimit për përcaktimin e përbërjes personel dhe materiale të forcave për mbrojtje dhe shpëtim ("Gazeta zyrtare e RM-së" nr.124/06).

**Член 6**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за формирање сили за заштита и спасување, Бр.07-1576/19 од 18.06.2015 година.

**Neni 6**

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij Vendimi, ndërpritet të vlejë Vendimi për formimin e forcave për mbrojtje dhe shpëtim, nr.07-1576/19 nga dt. 18.06.2015.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кичево".

**Neni 7**

Ky Vendim hyn në fuqi me ditën e sjelljes, ndërsa do të shpallet në "Fletoren zyrtare të Komunës së Kërçovës".

**Бр. 08-______/___**
**___.___.2023 година**
**К и ч е в о**

**Nr. 08_____/_____**
**___________2023**
**K ë r ç o v ë**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО / KËSHILLI I KOMUNËS SË KËRÇOVËS**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ / KRYETAR**
**Скендер Џабири / Skender Xhabiri**

__________________________